Врз основа на член 24 став (1) точка 1) алинеја 19 од Законот за енергетика* („Службен весник на Република Македонија“ бр. 96/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 96/19 и 236/22), член 23 став (1) точка 2 алинеја 1 од Статутот на Регулаторна комисија за енергетика на Република Македонија бр.01-391/2 од 26 август 2011 година и бр.01-374/6 од 19 март 2019 година и член 23 став (7) од Правилникот за повластени производители коишто користат повластена тарифа („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 116/19 и 93/21) Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија на седницата одржана на 30 јануари 2023 година, донесе

**ОДЛУКА ЗА ПРЕСТАНОК НА ВАЖЕЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ПОВЛАСТЕНА ТАРИФА НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА ПРОИЗВЕДЕНА ОД ОБНОВЛИВИ ИЗВОРИ НА ЕНЕРГИЈА**

1. Со оваа одлука престанува да важи Одлуката за користење на повластена тарифа на електрична енергија произведена од обновливи извори на енергија, УП1 бр. 08-49/14 („Службен весник на Република Македонија“, бр.64/14), издадена на Трговското друштво за производство, трговија и услуги ЕВР 92 ДООЕЛ Кочани, со седиште на ул. Крижевска бр. бб, Кочани, за фотонапонската електроцентрала „ЕВР 92 Кочани 2“.
2. Оваа одлука се доставува до Трговското друштво за производство, трговија и услуги ЕВР 92 ДООЕЛ Кочани, Министерството за економија, Министерството за животна средина и просторно планирање, Агенцијата за енергетика на Република Северна Македонија, операторот на пазарот на електрична енергија и операторот на електродистрибутивниот систем.
3. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, се објавува во „Службен весник на Република Северна Македонија“, и на веб страницата на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија, а ќе се применува од 1 февруари 2023 година.

**О б р а з л о ж е н и е**

Трговското друштво за производство, трговија и услуги ЕВР 92 ДООЕЛ Кочани, е носител на Решение за стекнување на статус на повластен производител на електрична енергија произведена од обновливи извори на енергија УП1 бр. 08-48/14 („Службен весник на Република Македонија“, бр.64/14) и Одлука за користење на повластена тарифа на електрична енергија произведена од обновливи извори на енергија, УП1 бр. 08-49/14 („Службен весник на Република Македонија“, бр.64/14).

Националниот оператор на пазар на електрична енергија МЕМО ДООЕЛ Скопје (во понатамошниот текст: МЕМО ДООЕЛ Скопје) на 23 јануари 2023 година, до Регулаторна комисија за енергетика достави Известување бр. 09-359/3 од 23 јануари 2023 година, со кое известува дека на ден 16 јануари 2023 година, повластениот производител Трговското друштво за производство, трговија и услуги ЕВР 92 ДООЕЛ Кочани до МЕМО ДООЕЛ Скопје доставил Раскинување на Договор за откуп на електрична енергија произведена од обновливи извори на енергија бр.02-3323 од 15 мај 2014 година и анекс бр.10-220/1 од 28 октомври 2019 година за фотонапонската електроцентрала „ЕВР 92 Кочани 2“, со кое еднострано го раскинува Договорот согласно член 193 став 5 од Законот за енергетика* („Службен весник на Република Македонија” бр.96/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр.96/19 и 236/22), член 34 став 3 од Правилата за пазар на електрична енергија („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 234/22) и член 19 од Договорот заклучно со 31 јануари 2023 година во 24:00 часот. Во известувањето е наведено дека

со стапувањето во сила на едностраниот раскин на договорот, МЕМО ДООЕЛ Скопје ќе престане да ја откупува електричната енергија и нема да биде повеќе балансно одговорна страна на овој производител.

Регулаторната комисија за енергетика согласно член 24 став (1) точка 1) алинеја 19 од Законот за енергетика* и член 23, став (3) од Правилникот за повластени производители коишто користат повластена тарифа изготви Предлог одлука за престанок на важење на одлуката за користење на повластена тарифа на електрична енергија произведена од обновливи извори на енергија. Предлог - одлуката, согласно Решение за свикување на подготвителна седница бр.02-168/1 од 25 јануари 2023 година, беше предмет на расправа на подготвителната седница која се одржа на 27 јануари 2023 година. На подготвителната седница немаше забелешки по Предлог - одлуката од страна на присутните.

Согласно член 24 став (1) точка 1) алинеја 19 од Законот за енергетика* заради остварување на својата надлежност Регулаторната комисија за енергетика, покрај другото, донесува одлука за престанок на одлуката за користење на повластена тарифа за електрична енергија.

Согласно член 20 став (1) точка 3 од Правилникот за повластени производители коишто користат повластена тарифа, статусот повластен производител престанува да важи со одземање на статусот повластен производител од страна на Регулаторната комисија за енергетика.

Согласно член 23 став (1) точка 4 од Правилникот за повластени производители коишто користат повластена тарифа Регулаторната комисија за енергетика отпочнува постапка за одземање на статусот на повластен производител ако повластениот производител го раскине договорот за откуп на електрична енергија по повластени тарифи склучен со Операторот на пазар на електрична енергија.

Согласно член 23 став (7) од Правилникот за повластени производители коишто користат повластена тарифа Регулаторната комисија за енергетика донесува решение за престанок на решението за стекнување на статус на повластен производител и одлука за престанок на одлуката за користење на повластена тарифа на електрична енергија.

Имајќи го во предвид горенаведеното, Регулаторната комисија за енергетика одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против оваа одлука може да се поведе управен спор, во рок од 30 дена од денот на приемот.

**УП1 бр. 08-49/14**
**30 јануари 2023 година**
**Скопје**

**Претседател на**
**Регулаторна комисија за енергетика и водни услуги**
**на Република Северна Македонија**
**Марко Бислимоски**